
Roche
Одговор
на Вашите
прашања.
ПРИРАЧНИК
НАМЕНЕТ ЗА
ПАЦИЕНТИ
КОИ СЕ НА
ТЕРАПИЈА
СО ЛЕКОТ
TECENTRIQ
Прва линија
метастатски тројно
негативен карцином
на дојка
TECENTRIQ
atezolizumab
Овој лек подлежи на дополнително следење.
Со тоа се овозможува брзо откривање на нови информации за безбедноста на лекот.
Со пријава на сите сомнителни несакани дејства и Вие можете да помогнете

Дијагнозата карцином на дојка може да претставува голем товар во Вашиот живот.

Сигурно имате многу прашања за Вашата иднина.

Во оваа брошура ќе најдете важни информации поврзани со Вашиот третман.

**ДИЈАГНОЗА**



# Метастатски тројно негативен карцином на дојка




Метастатскиот карцином на дојка се појавува кога клетките во дојката растат неконтролирано и се прошируваат во други делови од телото. Постојат различни типови на карцином на дојка. Некои клетки на туморот имаат рецептори за кои можат да се врзуваат хормоните или протеините.

Тројно негативниот карцином на дојка (ТНКД) нема рецептори ниту за естрогенските и прогестеронските хормони, ниту за специфичниот протеин кој се нарекува HER2. Некои тумори изразуваат протеин кој се нарекува PD-L1. Овој протеин им овозможува на клетките на туморот да се сокријат од имунолошкиот систем. Пациентите кај кои има присуство на PD-L1 протеинот на туморските клетки може да се лекуваат со лекот TECENTRIQ.

**Вашиот доктор Ви препишал терапија со лекот TECENTRIQ во комбинација со хемотерапија. TECENTRIQ е нова терапија која ја користи моќта на имунолошкиот систем на телото, за да ја намали големината на туморот и да го продолжи Вашиот живот.**

**Оваа терапија се нарекува ИМУНОТЕРАПИЈА.**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

**ТРЕТМАН**



# Препишана ми е комбинирана терапија со имунотерапија и хемотерапија

## Каков е начинот на делување на оваа терапија?

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
SHKUP * СКОПЈЕ

# Вашиот третман со бори со туморот на два различни начини:

**TECENTRIQ**

## ИМУНОТЕРАПИЈА

го активира имуниот систем и тој ги препознава, напаѓа и уништува тумор клетките преку блокирање на PD-L1. PD-L1 е протеин кој им овозможува на тумор клетките да се сокријат од имунолошкиот систем.




## ХЕМОТЕРАПИЈА

го спречува растот на тумор клетките. Исто така може да помогне во активирање на имуниот одговор и да и помогне на имунотерапијата подобро да ја заврши својата работа.

ЦЕЛ

# Што можам да **очекувам** од мојот третман?




АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

## ШАНСА
## ЗА ПОДОЛГ ЖИВОТ

Оваа комбинација може да помогне во контролата на Вашата болест и да Ви овозможи подолг живот, отколку третман со само хемотрапија



## ЕДНА НЕДЕЛА
## БЕЗ ТРЕТМАН - СЕКОЈ МЕСЕЦ

**3 ИНФУЗИИ МЕСЕЧНО**

Вашиот лекар ќе одлучи колку долго ќе го примате лекот TECENTRIQ и хемотерапијата. Обично, Вашиот лекар ќе ја продолжува терапијата се додека Вашиот карцином е под контрола и добро го толерирате третманот.

---

Ќе бидете следени за време на целиот третман за да може полесно да се идентификуваат и третираат несаканите настани.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ



# Како да се припремам за денот кога ќе ја примам инфузијата?

## ПЛАНИРАЊЕ




### ЗАБЕЛЕЖЕТЕ ГИ ДАТУМИТЕ ЗА ПРИМАЊЕ НА ТЕРАПИЈАТА ВО ВАШИОТ КАЛЕНДАР!

Запишете си ги прашањата кои сакате да им ги поставите на Вашиот доктор и медицинска сестра и прашајте ги на терминот кога ќе ја примате терапијата.

### ПРИСТИГНЕТЕ ДОБРО ОДМОРЕНИ И НАЈАДЕНИ

Освен ако Вашиот доктор или медицинска сестра не нагласиле поинаку, може ќе посакате да јадете пред да започнете со Вашиот третман, за да не дојде до појава на гадење.



### НОСЕТЕ

**Течности и закуски**

Пиењето на вода или сок ќе ви помогне да останете хидрирани. Може да бидете гладни за време на третманот, притоа донесете си закуска.



**Џемпер, ќебе и топли чорапи**
во случај да Ви застуди.



**Забава**

Книги, весници или магазини. Лаптоп или таблет со полнач и слушалки. Загатки, игри или плетење.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

## НОСЕТЕ КОМФОРТНА ОБЛЕКА

Блуза со кратки ракави или кошула со V израз, која ќе Ви овозможи полесна администрација на терапија.



## УБАВО Е ДА ИМАТЕ ПРИДРУЖНИК

посебно за време на првата инфузија.

## НАПРАВЕТЕ ПЛАН СО НЕКОЈ ДА ВЕ ОДНЕСЕ ДО ДОМА

Лековите може да направат да се чувствувате поспано или да предизвикаат друг несакан ефект, притоа пожелно е да имате некој со Вас кој ќе Ви помогне полесно да стигнете дома.

## ПОДГОТВЕТЕ ХРАНА

Кога ќе се вратите дома, може да се почувствувате уморно и да не сакате веднаш да готвите.



## ОДМОРЕТЕ ПОСЛЕ ИНФУЗИЈАТА

Може да се почувствувате многу уморно 2-3 дена после инфузијата, притоа планирајте како ќе се справите со обврските околу работата, децата, домашните миленичиња и другите одговорности и оделете си време за одмор после инфузијата.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

# Како изгледа еден типичен ден кога примате инфузија?



## Вашиот доктор или медицинска сестра ќе го администрираат лекот TECENTRIQ преку вашата вена со помош на инфузија

**ДЕНОТ НА ИНФУЗИЈА**



**КАРТИЧКА ЗА ПАЦИЕНТИ**

Ќе добиете картичка за пациенти пред или за време на Вашата прва инфузија. Секогаш чувајте ја картичката при Вас и покажете ја при посета на било кој лекар

**1**

### КОНСУЛТАЦИЈА

со Вашиот лекар или медицинска сестра, кои ќе проценат дали сте во соодветна состојба да ја примате терапијата. Слободно поставувајте прашања за се што Ве интересира.

**2**

### ПРЕ-МЕДИКАЦИЈА

Може да Ви биде дадена терапија пред инфузијата која ќе ја намали можноста од појава на алергиска реакција и несакани настани од хемотерапијата.

SHKUP СКОПЈЕ

# Третмански циклус

## 1.НЕДЕЛА

**TECENTRIQ***



+

**ХЕМОТЕРАПИЈА**





**60/30 минути***

**30 минути**

## 2.НЕДЕЛА

**ХЕМОТЕРАПИЈА**





**30 минути**

## 3.НЕДЕЛА

**TECENTRIQ***



+

**ХЕМОТЕРАПИЈА**





**60/30 минути***

**30 минути**

## 4.НЕДЕЛА

**Пауза во лекувањето**

* Првата инфузија се дава во времетраење од 60 минути. Следните инфузии се даваат во времетраење од 30 минути доколку пациентот добро ја поднел првата инфузија

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

# Како ќе се чувствувам после третманот?

**Лицата на третман со TECENTRIQ во комбинација со хемотерапија, обично добро го поднесуваат третманот и можат лесно да продолжат со секојдневните активности**

Како и со други лекови, така и со оваа комбинација, терапијата може да делува на нормалното функционирање на Вашите органи. Овие проблеми се нарекуваат несакани настани. Некои од нив може да бидат сериозни или живото-загрижувачки

Информирајте го Вашиот лекар или медицинска сестра ако имате некои несакани настани, и таа/тој ќе Ви помогне при нивен третман

## ДОМА



### ПОБАРАЈТЕ ПОДДРШКА

Направете си група на луѓе кои ќе Ви помогнат полесно да се справите со ситуацијата и на кои ќе може да се потпрете за физичка и емоционална поддршка

### ПИШУВАЈТЕ ДНЕВНИК

Запишувајте си ги прашањата кои сакате да ги поставите на Вашиот лекар или медицинска сестра и запишувајте доколку почувствувте некакви несакани симптоми



### ОДРЖУВАЈТЕ БАЛАНСИРАНА ДИЕТА

Вашето тело има потреба од одредена количина на протеини и калории кои се потребни за заздравување на ткивото и за одбрана против инфекции. Несаканите настани од третманот може да влијаат врз Вашиот апетит и да Ви отежнат при јадењето, притоа пробајте да јадете пет или шест мали здрави оброци во текот на денот, наместо три големи оброци. Исто така, не заборавајте да пиете многу течности

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

# Како најдобро да се грижам за себе после третманот?



## ИЗЛЕГУВАЈТЕ НА СВЕЖ ВОЗДУХ

Едноставна активност може да Ви помогне да го намалите стресот и уморот и дури може да Ви помогне да се чувствувате гладни. Активностите надвор може да Ви помогнат подобро да спиете навечер. Важно е да не претерувате премногу. Разговарајте со Вашиот доктор за кои се Вашите граници и колку време може да поминувате надвор



## ОДМАРАЈТЕ

Може да се чувствувате поуморно од обично за време на третманот. Пробајте да спиете повеќе навечер, толку колку што сметате дека Ви е потребно за да може да го поминете денот без проблеми. За време на денот, пробајте да бидете повеќе активни и правете кратки паузи кога ќе се чувствувате многу уморно



АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ



## Кога да се јавам кај мојот доктор или медицинска сестра?

## ИНФОРМАЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**ВЕДНАШ ЈАВЕТЕ СЕ**
ако се влошат Вашите симптоми или ако забележите нови несакани симптоми

**НЕМОЈТЕ** сами да ги третирате симптомите!

## МОНИТОРИНГ ЗА АЛЕРГИСКА РЕАКЦИЈА

Вашата медицинска сестра ќе провери за знаци на алергиска реакција како што се: црвенило, чешање или недостаток на воздух, оток на лицето или усните, омалаксаност, болка во стомакот, грбот или градниот кош и лошење.

Веднаш известете ја медицинската сестра доколку Ви се појават овие симптоми за време на или еден ден после инфузијата! Може да почувствувате болка при администрација на инфузијата. Кажете и на Вашата медицинска сестра и таа ќе ја намали брзината на инфузијата.

SHKUP
СКОПЈЕ

## МОЖНИ НЕСАКАНИ НАСТАНИ

**Може да искусите еден или повеќе од несаканите настани кои се наведени на оваа страна. Најчестите несакани настани се со задебелени букви.**

Секогаш бидете свесни дека може да се појават нови симптоми за време на терапијата, посебно во првите 2-3 дена после третманот. Прашајте ги Вашиот доктор и медицинска сестра за полесно справување со несаканите настани и веднаш известете ги доколку се појават нови симптоми. Многу е важно брзо да се реагира при појавата на овие несакани настани, за да не станат посериозни!

---



### ОЧИ

- Мојот вид е променет
- Гледам двојно
- Моите очи се поосетливи на светлина
- Ми пожолтеа белките на очите

### УСТА И ГЛАВА

- Пожедна сум од обично
- Имам сува уста
- Чувствувам слабост
- Имам јаки главоболки кои не се специфични за мене
- Вкочанет ми е вратот

### СТОМАК И ЦРЕВА

- **Чуствувам помалку или повеќе глад од обично**
- **Чувствувам гадење и повраќање**
- **Имам констипација**
- **Имам дијареа**
- Имам црна, леплива столица или имам крв и слуз во столицата
- Имам болки во стомакот

### ГЕНЕРАЛНО

- **Имам треска**
- **Имам улцери во устата, носот, грлото или гениталиите**
- Се чувствувам уморно или збунето
- Поладно ми е од обично
- Имам изгубено или здобиено тежина
- Јас или другите имаат приметено промена во моето расположение
- Генерално не се чувствувам добро
- Вежбањето ми е многу тешко во последно време

### КОЖА И КОСА

- **Имам црвенило на мојата кожа кое ме чеша**
- Мојата кожа има добиено жолтеникава боја
- Мојата кожа ја има изгубено бојата
- Крварам и имам модринки повеќе од обично
- Се потам повеќе од обично
- Ја губам косата
- Ми се појавуваат плускавци на кожата и таа ми се лупи
- Поосетлив сум на топло и ладно од порано
- Ми се затоплува кожата

### ГРЛО, ГРАДЕН КОШ И СРЦЕ

- **Имам развиено нова или полоша кашлица**
- Мојот глас станува подебел
- Некогаш се чувствувам како да имам недостаток на воздух
- Имам болки во градниот кош
- Чувствувам побрзо и нерегуларно отчукување на срцето

### УРИНА

- Количината и бојата на мојата урина се сменети
- Мојата урина е потемна

### МУСКУЛИ, НЕРВИ, ЗГЛОБОВИ И НОЗЕ

- **Ме болат мускулите и чувствувам слабост**
- **Чувствувам грчење, боцкање или пецкање во рацете и нозете**
- Имам отоци на нозете

---

Бидејќи голем број од несаканите настани може да се причина на нешто друго и може да има потреба од други третмани за нивно менаџирање, многу е важно сите, Вашиот лекар, медицинска сестра, вклучувајќи го и Вашиот матичен лекар, да знаат дека сте на терапија со имунотерапија.

Секогаш покажувајте ја картичката за пациенти!

# Каде можам да пронајдам повеќе информации?

Канцеларија за психолошка поддршка на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија

Мајка Тереза број 17, Скопје
Тел: 02 314 7874; 02 312 5640
Факс: 02 311 1430

Психолог Александра Стефановска 071 21 18 50
Психолог Елена Ѓорѓевска 078 49 49 73

Пациентски организации:

**Борка**
*за секој нов ден*
www.borka.org.mk

- www.borka.org.mk
- www.facebook.com/borkaorgmk/
- @borka_official
- /borkaorg
- /borka---for-each-new-day
- 02 3224 636; 075 22 88 99; 076 33 92 79

**ЉУБОВ СМЕ**
JEMI DASHURI

- ljubovsme@gmail.com
- www.facebook.com/ljubovsme/
- 078 41 55 29

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

Прашања кои сакате да го прашате Вашиот доктор, на кои ќе добиете одговор на следниот термин за третман

1.

2.

3.

4.

5.

## ВАЖНИ КОНТАКТИ

Вашиот доктор и медицинска сестра ќе Ви помогнат да ги забележите најважните броеви.

Лекар

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Медицинска сестра



АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
* SHKUP *
* СКОПЈЕ *

Забелешки





Заедно можеме
да го контролираме
текот на болеста

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Roche

Интернет страници со дополнителни информации за карцином на дојка

www.oncology.org.mk

www.roche.com

www.roche.mk

Наменето само за пациенти кои се на терапија со лекот **TECENTRIQ**

РОШ Македонија ДООЕЛ Скопје
Деловен центар Сити Плаза
Ул. Св. Кирил и Методиј бр.7, кат 2,
1000 Скопје

TECENTRIQ®
*atezolizumab*